,,Службен весник на Република Македонија број 60/13’’

Врз основа на член 59 став 2 од Законот за сточарството (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 116/10 и 23/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОДДЕЛНА ЈАВНА УСЛУГА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МАТИЧНОТО КНИГОВОДСТВО, УТВРДУВАЊЕ НА ГЕНЕТСКИОТ КВАЛИТЕТ И ПРИНОСОТ ВО СТОЧАРСТВОТО

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските условите кои треба да ги исполни вршителот на задачите кои како јавни услуги се изведуваат во сточарството согласно член 62 алинеја 1 и 2 од Законот за сточарството.

### Член 2

Поблиските просторни, технички и кадровски услови кои треба да ги исполни вршителот на јавната услуга спроведување на стручни задачи, мерки и активности од Заедничка основна програма за одгледување на добиток (во натамошниот текст: ЗОПОД) како и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведувањето на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД се следните:

1) Поседување на соодветен простор и тоа:
- простории каде може да се реализираат лабораториски анализи и испитувања за спроведување на матичното книговодство, мониторингот, утврдувањето на генетскиот квалитет и приносот во сточарството;
- простор кој овозможува брза, стручна и квалитетна обработка на податоците по меѓународно прифатени и споредливи методи и
- простор за работа каде е овозможено прибирање и чување на податоци и нивна обработка.

2) Соодветна техничка опременост и тоа:
- да поседува Лидтинов бастум, Вилхенсов шестар, Импрегнирана добиточна пантлика и лабораториска опрема за анализа на хемискиот состав на суровото млеко која овозможува професионално и квалитетно прибирање на податоците за матичното книговодство, мониторингот, утврдувањето на генетскиот квалитет и приносот во сточарството согласно меѓународно прифатени и споредливи методи и
- да поседува персонални компјутери и програмски пакети (хардвер и софтвер) кој овозможуваат брза, стручна и квалитетна обработка на податоците по меѓународно прифатени и споредливи методи.

3) Соодветна кадровска екипираност и тоа:
- да има вработено најмалку пет лица со научен степен доктор на науки од научна област биотехнички науки, подрачје добиточно производство и пчеларство и
- да има вработено најмалку пет лица дипломирани инжињери од научна област анимална биотехнологија - сточарство.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-9588/4
12.04.2013 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство
Љупчо Димовски